АВНА ОПШТИНСКА УСТАНОВА
NSTITUCIONI PUBLIK KOMUNAL
БИБЛИОТЕКА - BIBLIOTEKA
ТАНЕ ГЕОРГИЕВСКИ" "TANE GEORGIEVSKI"
Бр.Nr. 04-433/1
25.11.2021 год./vit
КУМАНОВО - KUMANOVË

Врз основа на Закон за вработените во јавен сектор („Службен весник на РМ“ бр.27/14 199/14, 27/16 и 35/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.143/19 и 14/20), член, Законот за работни односи („Службен весник на Република Македонија" број 62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18), Закон за културата („Службен весник на РМ“ бр.31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), Правилникот за пополнување на работни места за даватели на услуги и лица од помошно технички кадар во ЈОУ – Библиотека „Тане Георгиевски“ – Куманово арх.бр.01-384/1 од 13.11.2018, и Правилникот за формата и содржина на интерен оглас, начинот за поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на селекција на унапредувањето и интервјуто како и начинот на нивно бодување арх.бр.01-385/1 од 19.11.2021 година, Јавната општинска установа – Библиотека „Тане Георгиевски“ – Куманово објавува

## ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ – 01/2021

За унапредување на 1 (едно) лице – давател на услуги на неопределено работно време во Јавната општинска установа – Библиотека „Тане Георгиевски“ – Куманово за следното работнно место:

1. Ниво Ѓ 01, шифра КУЛ 03 04 Ѓ01 005, назив на работно место Самостоен библиотекарски помошник од областа на науката, културата, социологијата, звање на работното место Самостоен библиотекарски помошник во Одделение за деца 1 (еден) извршител. Посебни услови: Средно гимназиско или средно стручно образование(економски смер) или Образование, Наука за книжевноста или Социологија.Најмалку две години работно искуство во струката. Работно време од понеделник до петок од 07:00 до 14:00 или од 12:00 до 19:00 и сабота од 07:00 до 15:00, 40 работни часови неделно. Паричен нето износ на плата за работно место изнесува: 25.670,00 денари.

Напомена: Согласно измената и дополнувањето на годишниот план за вработување во 2021 година работното место е предвидено за македонец/ка.

**Општите услови кои треба да ги исполнува кандидатот се:**

- Да е државјанин на Република Македонија,
- Активно да го користи македонскиот јазик,
- Да е полнолетен,
- Да има општа здравствена способност за работното место и
- Со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови** за работното место според Правилникот за формата и содржина на интерен оглас, начинот за поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на селекција на унапредувањето и интервјуто како и начинот на нивно бодување арх.бр.01-385/1 од 19.11.2021 година се:

- Потврда дека не е изречена дисциплинска мерка на работникот,
- Извештај од оценување на работникот,
- Потврда за завршени обуки,
- Потврда за одржување на обуки,
- Потврда за менторство,
- Потврда за менторирање,
- Решение за распоредување на работно место/ потврда за тековно работно место.

Рокот за пријавување на кандидатот за интерен оглас е 5 (пет) дена.. Заинтересираниот кандидат треба да достави Пријава за вработување со прилог потребна документација, оригинал или заверена на нотар.

Изборот ќе се изврши согласно Закон за работните односи, Правилникот за пополнување на работни места за даватели на услуги и лица од помошно технички кадар во ЈОУ – Библиотека „Тане Георгиевски“ – Куманово арх.бр.01-384/1 од 13.11.2018, и Правилникот за формата и содржина на интерен оглас, начинот за поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на селекција на унапредувањето и интервјуто како и начинот на нивно бодување арх.бр.01-385/1 од 19.11.2021 година, а во зависност од пријавените кандидати.

Кандидатот комплетната документација со која се докажува исполнувањето на условите од огласот треба да ја достави во хартиена форма до архивата на ЈОУ-Библиотека „Тане Георгиевски“-Куманово на адреса ул.„Народна револуција“ бр.1 Куманово, со назнака „за интерен оглас бр.01/2021“. Телефон за контакт 075 249 191 Габриела Јовановска.

Ненавремена, нецелосна и некомплетна пријава и документација нема да биде предмет на разгледување од страна на Комисијата.

ЈОУ - Библиотека „Тане Георгиевски“ - Куманово